Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 380/1
__________ година 03 -04- 2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-624/1 од 20.8.2025 година поднесена од ----- против Општина -----, за извршена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Општина ----- врз -----.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-624 од 20.8.2025 година, од ----- за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на работата и работните односи, од страна на Општина -----.

Подносителот наведува дека е вработен во ТППЕ на работно место ----- и поседува лиценца за ----- за работа во смени. Оттука, во претставката наведува дека на 8.8.2025 година, со решение е распореден од работно место -----, на работно место да работи само прва смена од 7.30 до 15:30 часот, при што наведува дека вакво работно место не постои во систематизацијата на работните места и истото не го налага работниот процес, бидејќи во конкретната единица има 4 одделенија чиј распоред за работа се одвива по принципот по 12 часа прва смена, 12 часа ноќна смена и 48 слободни часа. Во однос на ваквото распоредување, подносителот наведува дека ниту еден од неговите колеги нема вакво работно време само во прва смена, поради што смета дека е дискриминиран и ставен во понеповолна положба од останатите негови колеги кои работат во смени, со платени дежурства и платени викенди за сменска работа и за празници.

Во однос на наведениот дискриминаторски основ, подносителот истакнува дека е Бошњак и од страна на колегите бил континуирано омаловажуван и исмејуван, при што во 2 наврати на индиректен начин му биле нанесени тешки телесни повреди – наведувајќи дека имал скршеница на прст и ребра. Во оваа насока, во претставката се наведува дека ваквите повреди биле резултат на тоа што колегите му го замрсиле јажето, по што паднал и скршил прст, додека втората повреда била резултат на тоа што колегите му ја тргнале скалата и тој паднал од висина. Наведува дека поради ваквите

повреди, користел боледување. Во претставката е дополнително наведено дека за ваквата изјава го известил в.д. -----, а со истото биле запознаени и секретарот и градоначалникот на Општина -----, но неговиот проблем не бил решен. Во продолжение на ова, подносителот наведува дека му е земена опремата и значката, при што по лекарски преглед и негово излекување, неговата здравствена состојба се вратила во нормала, за што лекарите се произнеле дека е способен да се врати на работа. Воедно, подносителот побарал да е преместен во друго одделение, заради негова безбедност и да не се повторат телесните повреди и омаловажувањата, следствено на што добил решение за време на распишување на изборите, издадено на 8.8.2025 година, согласно кое е распореден за работа во прва смена, со образложение дека истото е донесено поради здравствената состојба на подносителот. Во врска со наведеното, подносителот истакнува дека доколку неговата здравствена состојба била влошена, лекарите би го испратиле пред лекарска комисија која би му издала решение за работно време од 4 часа, инвалидска пензија, препорака до работодавачот за реорганизација на работни задачи и слично.

На крајот на претставката, истакнато е барање до Комисијата да се поништи вака донесеното решение и да се даде препорака подносителот да биде прераспределен во друго одделение, со исто работно време како и останатите колеги.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 11.9.2025 година испрати Известување бр. 08-624/2 за произнесување по наводите од претставката до Општина -----.

На ден 15.9.2025 година, подносителот на претставката до Комисијата достави дополнување на претставката, во прилог на кое беше доставен неговиот договор за вработување и решението за плата.

На ден 3.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Општина -----, заведено под арх. број 08-624/4, како одговор на наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација.

Во произнесувањето целосно се отфрлаат наводите за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност како неосновани. Оттука, се наведува дека постапувајќи по барањето за прераспоредување од второ во трето одделение, градоначалникот на Општина ----- донел решение со кое истиот е распореден во прва смена, односно со работно време од 7 до 15 часот, од понеделник до петок, при што се наведува дека ваквото решение е донесено поради фактот што подносителот на претставката бил на боледување подолго од 9 месеци со многу кратки прекини.

Во продолжение на произнесувањето, се наведува дека во услови на екстремно високи температури, имајќи предвид дека решението било донесено на 8.8.2025 година, кога

поголемиот број од интервенциите во ТППЕ се шумски пожари, ниеден командир на одделение нема да преземе одговорност и да прати на интервенција лице кое скоро цела година користи боледување со различни дијагнози. Во оваа насока, се наведува дека ваквите интервенции се исклучително напорни и за комплетно здрави лица, а не за некој што отсуствува од работа скоро цела година поради здравствени проблеми.

Во однос на наводите дека на подносителот му се одземени опремата и значката, истите се отфрлаат како неосновани.

Во однос на наводите дека решението за прераспоредување на подносителот е донесено во период откако се распишани локални избори, во произнесувањето се истакнува дека предметното решение било донесено на 8.8.2025 година, додека локалните избори биле распишани на 9.8.2025 година. Оттука, дополнително се наведува дека ваквото решение е привремено, односно доколку подносителот на претставката не извади боледување во наредниот период, повторно ќе биде распореден во сменска работа. Во продолжение на произнесувањето, се наведува дека согласно член 125 од Законот за работните односи, распоредот на работното време го утврдува работодавачот.

На крајот на произнесувањето, наведено е дека повредата на прстот на подносителот била направена при изведување на рутински вежби на 8.2.2024 година, при што од страна на подносителот никаде не било пријавено дека колегите намерно го повределе, исто како и за повредата на ребрата која се случила на 25.10.2025 година, која не била пријавена ни како повреда на работно место, односно за истата командирот бил известен 3 месеци по нејзиното настанување. Оттука, се наведува дека во врска со повредата настаната на 8.2.2024 година, подносителот поднел оштетно побарување до Општина -----, односно барал спогодбено Општината да му исплати 300.000 денари заради повреда на работното место поради неисправна опрема. Притоа, за предметниот настан се наведува дека има изјави од подносителот, како и од неговите колеги, во кои никаде не е наведено дека подносителот е намерно повреден од страна на неговите колеги.

Во прилог на произнесувањето беа доставени Решението со кое подносителот се распоредува на работно место ----- со работно време од 7 до 15 часот, извештаи за привремено спреченост за работа, изјави од подносителот и вработени во ТППЕ -----, Записник од извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд.

На ден 9.10.2025 година, подносителот на претставката до Комисијата достави дополнување во кое наведува дека тој е единствениот ----- со работно време во прва смена, при што тврди дека е дискриминиран врз основа на неговата етничка припадност како Бошњак, дека командирот му се обраќал со повишен тон и бил


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

деградиран, како и дека му биле доделувани несоодветни задачи, наведувајќи дека му било кажано да го чисти тоалетот.

Во однос на решението со кое тој е распореден да работи во прва смена, подносителот наведува дека на истото не е наведено за кој временски период истото е донесено, при што се го оспорува постапувањето на Државниот трудов инспекторат, согласно кое не е пронајдена повреда на право од работен однос.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, наводите истакнати од страна на подносителот и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Општина ----- врз -----.

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Од горенаведеното образложение на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето за сторена дискриминација, при што во конкретниот случај, подносителот не докажал дека постои каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа – етничка припадност и дејствието кое се наведува како дискриминаторски третман. Дополнително на ова, имајќи ја предвид документацијата доставена во прилог на произнесувањето, видно од боледувањата кои ги користел подносителот, истото е дадено како образложение за прераспределбата на подносителот со работно време од 7 до 15 часот, поради неговата влошена здравствена состојба.

Во оваа насока, ваквата одлука на работодавачот е оправдана имајќи го предвид фактот дека подносителот бил на континуирано боледување, поради што и била направено ваквата распределба. Притоа, предметното решение било донесено со образложение дека со оглед на тоа дека здравствената состојба на подносителот била сериозно нарушена, како најдобро решение е утврдено да истиот привремено извршува работни задачи со работно време од 40 часа неделно, односно да биде ослободен од сменска работа, со цел да не биде дополнително влошена неговата состојба. Дополнително на ова, со вака донесеното решение на Командирите во сите 4


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

одделенија во ТППЕ им било укажало подносителот да биде ослободен од извршување на премногу тешки работни задачи, до подобрување на неговата состојба, при што по подобрувањето на здравствената состојба на подносителот, истиот повторно би бил распределен со претходното работно време и сменско работење.

Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека вака донесеното решение има оправдана и легитимна цел, при што за истото е предвидено да трае додека трае влошената здравствена состојба на подносителот со цел негова заштита на работното место.

Оттука, ценејќи ја претставката и и образложението дадено во произнесувањето по наводите од претставката, Комисијата не утврди нееднаков третман кон подносителот на претставката ----- врз основа на неговата етничка припадност од страна на Општина -----.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став 1 од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- -----
- -----